Бр./Nr 12-1678/2
27-07-2026 г./v.

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 36-та седница одржана на ден 20.07.2026 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-1678/1, поднесена од непознат подносител, против повеќе продажни објекти на територија на општина ----, со наводи за незаконска продажба на електронски цигари (вејпови) на малолетни лица, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување во случајот од причина што предметните дејствија наведени во пријавата не се во надлежност на постапување на ДКСК, а за истите друг орган е надлежен да постапува.

Пријавата се доставува на надлежно постапување до Министерството за економија на Република Северна Македонија - Државен пазарен инспекторат и до Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-1678/1 од 03.04.2026 година да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата е поднесена пријава од непознат подносител, по која е оформен предмет со број 12-1678/1 од 03.04.2026 година.

Во пријавата се изнесуваат наводи за незаконска продажба на електронски цигари (вејпови) на малолетни лица на територија на општина ----, односно дека ученици на возраст од 11 до 14 години без никаква проверка на возраст или лична документација ги набавуваат овие производи во повеќе продажни објекти. Во пријавата се наведуваат

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

конкретни продажни места, при што се укажува дека продажбата се врши без контрола, и покрај тоа што станува збор за малолетни лица.

Дополнително, се укажува дека ваквата појава предизвикува сериозна загриженост кај родителите и јавноста, имајќи предвид дека станува збор за производи кои можат да влијаат врз здравјето и развојот на децата, како и дека постои недоволна инспекциска контрола.

Постапувајќи по наводите во пријавата, ДКСК утврди дека истите се однесуваат на прашања поврзани со вршење на трговија и почитување на прописите за заштита на потрошувачите, особено во делот на заштита на малолетни лица.

Согласно член 2 став 1 алинеја 2 од Закон за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 236/2022, 3/2025 и 49/2025), потрошувачите имаат право на безбедност, кое претставува заштита од стоките и услугите што се штетни за животот, здравјето, имотот или животната средина, како и од стоките чие поседување или употреба се забранети.

Надзорот над спроведувањето на одредбите од овој закон го врши Државниот пазарен инспекторат на Република Северна Македонија.

Воедно, од содржината на пријавата не произлегуваат конкретни наводи за корупција или судир на интереси во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК оцени дека не е надлежна за постапување по предметната пријава и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D., член/anëtar